**Hospitationsaufenthalt *Schulalltag in Süddeutschland***
**06.07. - 19.07.2010**

ИСКУСТВА ОД СЕМИНАРОТ ОДРЖАН ВО ЛУДВИГСБУРГ
16 – 19 ЈУЛИ 2010 ГОД.

На првиот ден од семинарот срдечно не пречека домаќинот Мартин Херолд. По краткото запознавање не упати во просторијата каде се одржуваше семинарот. На почетокот од семинарот се запознавме со пријателски расположените лица на нашите колешки од Естонија, Летонија, Полска и единствениот колега од Шведска. Семинарот започна со разменување на искуства за престоите и хоспитирањата во училиштата. Преку предавањата на професорот од Швајцарија се запознавме и со културата, историјата и законите на Швајцарија. А низ прекрасниот Лудвигсбург не водеше Мартин. Ги видовме сите делови од градот и го посетивме и замокот. Како што започна така и заврши нашиот семинар. Повторно со нови искуства за нас, кои ги научивме од Мартин. Презентацијата и објаснувањето на многуте кратеници и термини на германски јазик, како и наредбите кои имаме прилика да ги сретниме кога работиме со компјутер беа од голема корист за нас. Многу сум среќна што бев и јас дел од овој семинар на којшто научив многу корисни работи. Убаво беше чувството да се биде помеѓу такви прекрасни луѓе.

Evgenija Angeleska